# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 18 Јануари 2005 година<br>Службен гласник број **2**<br>Овој примерок чини 50 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000209652<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СОЛИДАРНИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ГОЛЕМАТА ПРИРОДНА КАТАСТРОФА ВО ЈУГОИСТОЧНА АЗИЈА**

1. Одлуката за доделување на солидарни средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија.се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 65/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.01.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 26 став 1 точка 45од Статутот на Општина Прилеп ( "Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 17.01. 2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на солидарни средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Прилеп доделува хуманитарна помош на настраданите во земјотресот и поплавите во регионот на Југоисточна Азија.

Помошта се состои од парични средства во висина од 100.000,оо денари од резервите на Буџетот за 2005 година.

Како помош за настраданите во Југоисточна Азија, членовите на Советот издвојуваат и по една дневница од 800,оо денари или вкупен износ од 18.400,оо денари.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од средствата предвидени како резерви во Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година.

Член 3

Уплатата на средствата од член 1 на оваа Одлука да се изврши во рамките на организираната помош преку Владата на Република Македонија или Црвениот крст на Македонија.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 50/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.01. 2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СОЛИДАРНИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ГОЛЕМАТА ПРИРОДНА КАТАСТРОФА ВО ЈУГОИСТОЧНА АЗИЈА**

1. Заклучокот по Одлуката за доделување на солидарни средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 65/2 | ГРАДОНАЧАЛНИК
18.01.2005 година | на Општина Прилеп
П р и л е п | Сашо Пирганоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 17.01.2005 година, претресувајќи ја Одлуката за доделување на солидарни средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Прилеп ги повикува граѓаните и правните субјекти од Општина Прилеп, во рамките на своите можности да се вклучат во оваа хуманитарна акција за донирање на средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија.

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 50/2-1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
17.01.2005 година | на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п | Борис Ристески

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

Врз основа на член 53 став 1, член 43 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа, член 61 став 1 алинеа 4 и член 75 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп, на ден 19.01.2005 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешувањ од функцијата Главен архитектна град Прилеп

1.КАТИЦА ДИМОВСКА - ТАЛЕСКА се разрешува од функцијата Главен архитект на град Прилеп, поради заминување на друга функција.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донсувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 79/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК
20.01.2005 година | на Општина Прилеп
П р и л е п | Сашо Пирганоски

# С О Д Р Ж И Н А

## на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 2 од 18.01.2005 година

1. Одлука за доделување на солидарни средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп". ...................................................................................................................... **Стр. 1**

2. Заклучокот по Одлуката за доделување на солидарни средства за помош на настраданите во големата природна катастрофа во Југоисточна Азија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп"........................................................................................ **Стр. 2**

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1. Решение за разрешувањ од функцијата Главен архитектна град Прилеп......... **Стр. 2**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.